СЕПТЕМВРИ 2025

# ВЕЛО НОВОСТИ





ВЕЛО
УЧИЛИШТА




**Замислете свет во кој секое дете, наставник или родител може безбедно и еколошки да се движи.** Тоа е токму пораката на Европската недела на мобилност 2025: **„Мобилност за сите“.**

Во септември, училиштата–членки на програмата **Вело Училишта** покажаа дека велосипедот не е само превозно средство – туку **извор на здравје, забава и инспирација.**



ВЕЛО УЧИЛИШТА ВЕЛО УЧИЛИШТА ВЕЛО УЧИЛИШТА ВЕЛО УЧИЛИШТА

# РЕЗУЛТАТИ ОД СЕПТЕМВРИСКИОТ ПОВИК „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ НА МЕСЕЦОТ“

Во рамки на Европската недела на мобилност, училиштата–членки на програмата Вело Училишта активно се вклучија со бројни креативни, инклузивни и инспиративни активности кои го промовираат велосипедизмот и одржливата урбана мобилност.

Критериумите за избор на најуспешните училишта опфатија:

- број, квалитет и оригиналност на активностите
- вклученост и број на учесници – ученици, наставници, родители и заедница
- видливост и промоција на активностите
- креативност и иновативност на реализираните акции
- иновативен пристап во подготовка и реализација на едукативни активности

По внимателна евалуација според овие критериуми, со задоволство ги објавуваме резултатите за најактивните училишта во септемврискиот повик:

**Прво место: ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе**

**Второ место: ООУ „Кочо Рацин“ – Блатец со ПУ Липец и ПУ Лаки**

**Трето место: ООУ „Рајко Жинзифов“ – с. Горно Оризари, Велес**

**Посебна награда за најголем број вклучени ученици: ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино**

Им честитаме на сите наградени и им благодариме на сите училишта кои со својата енергија, посветеност и креативност придонесоа кон развој на одржлива и инклузивна мобилност во заедницата.

Сите училишта кои учествуваа во овој повик автоматски се вклучуваат во процесот за избор на „Вело училиште на годината“, кој ќе го одбележиме на крајот на учебната година.



# КОНКУРС ЗА СТРИПОВИ: МАЛИ УМЕТНИЦИ, ГОЛЕМИ ИДЕИ

Децата ни покажаа преку своите стрипови како велосипедот го прави секојдневието поубаво, побезбедно и поодржливо. По добиени многубројни прекрасни цртежи и навистина тешка одлука, според вашите гласови, победник е: Павел Давитковски, V-1 одд., ООУ „Кузман Шапкарев“ – Драчево, Скопје со вкупно 49 гласа! Бидејќи сите цртежи беа фантастични, тимот на Вело Училишта реши да додели уште две награди за второ и трето место.

2 место: Ана Анѓелкоска, VII 1 одд., ООУ„Коста Рацин“, општина Брвеница

3 место: Миа Маркоски, II4 одд.,ООУ “Блаже Конески- Велес

Нашите ученици преку стрипови и цртежи покажаа како велосипедот го прави секојдневието поубаво, побезбедно и поодржливо.














## ВЕЛО РОДЕО НАСТАНИ

Вело Родео не е само забава – тоа е образовен и практичен начин децата да учат за безбедност, да ги усовршуваат вештините и да се подготват за одржлива мобилност.

Во септември беа реализирани два настани:

**06.09.2025 - Пехчево**

Дел од активностите што ги реализиравме беа:

- Вело полигон за подобрување на вештините
- Совети за проверка и одржување на велосипеди
- LEGO активности за поттикнување на креативноста и логичкото размислување

Голема благодарност до сите учесници за прекрасната енергија, како и до Општина Пехчево за поддршката.

**19.09.2025 - Кочани**

Со повеќе од 150 учесници на возраст од 3 до 70 години, градскиот парк во Кочани беше претворен во место исполнето со енергија, насмевки и велосипедски авантури. Настанот се одржа со поддршка од Европска Куќа Скопје



# SCHOOL STREETS – БИЦИБУС ЗА БЕЗБЕДНО И АКТИВНО ВОЗЕЊЕ

Како дел од проектот School Streets – Училишни улици, кој се спроведува во рамките на програмата Erasmus+ беа реализирани два Бицибус настани:

Во соработка со ООУ„Петар Поп Арсов“ - Линк

Во соработка со ООУ„Климент Охридски“- Драчево - Линк

Благодарност до наставниците и учениците кои беа дел од оваа активност!

Покрај возењето, децата учеа и за:

- правилно давање рачни сигнали
- важноста на носење кацига
- возење еден позади друг за време на Бицибус





ВЕЛО
УЧИЛИШТА

www.veloschools.mk

Вело Училишта

veloschools